**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-447
23.11. **2017 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), а во врска со член 92 ставови 1 и 14 од истиот Закон, точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-5291/1 од 22.11.2017 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги односно поради неисполнување на обврската за дневно емитување најмалку 50% изворно создадена програма во Република Македонија на албански и на македонски јазик, од која половина во периодот од 07:00 до 19:00 часот, од страна на Трговското радиодифузно друштво АРТ ЧАННЕЛ ДООЕЛ експорт – импорт Тетово, Директорот на Агенцијата го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка - опомена**

1. СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво АРТ ЧАННЕЛ ДООЕЛ експорт – импорт Тетово, заради извршена повреда на член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), а казнива по член 148 став 1 точка 14 и став 2 од истиот Закон, на начин што програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво АРТ ЧАННЕЛ ДООЕЛ експорт – импорт Тетово, на 31 октомври 2017 година, не емитуваше најмалку 50% програма изворно создадена во Република Македонија на албански и на македонски јазик, ниту пак, најмалку половина од неа ја емитуваше во периодот од 07:00 до 19:00 часот.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-5291/1 од 22.11.2017 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското радиодифузно друштво АРТ ЧАННЕЛ ДООЕЛ експорт – импорт Тетово, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 ,132/14, 142/16 и 132/17), е надлежна да врши

програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерка - решение за опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на него, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во рамките на своите законски надлежности, преку Секторот за програмски работи, на 22 ноември 2017 година, изврши редовен програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво АРТ ЧАННЕЛ ДООЕЛ експорт – импорт Тетово, емитуван на 31 октомври 2017 година (радиодифузерот има обврска дневно да емитува најмалку 50% изворно создадена програма во Република Македонија на албански и на македонски јазик, бидејќи според програмскиот концепт кој е составен дел од дозволата за емитување, сервисот го емитува на албански и на македонски јазик, од која половина во периодот од 07:00 до 19:00 часот).

Имено, со надзорот е констатирано дека на 31 октомври 2017 година, телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво АРТ ЧАННЕЛ ДООЕЛ експорт – импорт Тетово емитувал 8 часа 57 минути и 34 секунди програма изворно создадена во Република Македонија на албански јазик, што е 40.67% од вкупно емитуваната програма во текот на денот која влегува во пресметка за изворно создадена програма (22 часа 1 минута и 56 секунди). Законскиот минимум од 50% за емитување изворно создадена програма во текот на еден ден, во однос на вкупно емитуваната програма на 31 октомври што влегува во пресметка за изворно создадена програма (22:01:56), е 11 часа и 58 секунди. Програмскиот сервис на ТРД АРТ ЧАННЕЛ ДООЕЛ експорт – импорт Тетово емитуваше за 2 часа 3 минути и 24 секунди помалку изворна програма од потребниот минимум.

Во периодот од 07:00 до 19:00 часот, овој радиодифузер исто така не емитуваше најмалку половина од законски утврдениот минимум од 50% изворно создадена програма во Република Македонија на албански и на македонски јазик. Половина од законскиот минимум (од 11:00:58) изнесува 5 часа 30 минути и 29 секунди изворно создадена програма во Република Македонија на албански и на македонски јазик, колку што најмалку требало да биде емитувана на програмата на ТРД АРТ ЧАННЕЛ ДООЕЛ експорт – импорт Тетово, во периодот од 07:00 до 19:00 часот. Во овој период, како што е констатирано со надзорот, емитувани се 3 часа 34 минути и 37 секунди изворно создадена програма во Република Македонија на албански јазик, што во оваа ситуација е за 1 час 55 минути и 52 секунди помалку од потребниот минимум.

Повредата од точка 1 став 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-5291/1 од 22.11.2017 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а во врска со член 92 ставови 1 и 14 од истиот Закон, точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-5291/1 од 22.11.2017 година, поради констатирано непочитување на одредба од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврдено во точка 1 на ова Решение, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе решение, со кое кон Трговското радиодифузно друштво АРТ ЧАННЕЛ ДООЕЛ експорт – импорт Тетово, се презема мерка – опомена и со кое на наведениот радиодифузер му наложи, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор, бр.10-5291/1 од 22.11.2017 година.

**Доставено до:**

- Трговското радиодифузно друштво АРТ ЧАННЕЛ ДООЕЛ експорт – импорт Тетово;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво АРТ ЧАННЕЛ ДООЕЛ експорт – импорт Тетово;
- Одговорното лице на програмата во Трговското радиодифузно друштво АРТ ЧАННЕЛ ДООЕЛ експорт – импорт Тетово;
- Секторот за правни и економско-финансиски работи;
- Секторот за програмски работи; и
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.